**д-р Драган Стефановски**

# ЖИВОТНИОТ СТАНДАРД И СИРОМАШТИЈАТА ВО УСЛОВИ НА ГЛОБАЛИЗАЦИЈА

UDK:364-262.2:330.59-027.511

**Апстракт**

*Современата општествена стварност и покрај сериозните настојувања сè уште не успеа да дојде до одговорите на сетот на прашања поврзани со сиромаштијата, невработеноста и социјалната исклученост. Нееднаквоста на глобално ниво не само што е присутна на светската сцена туку истата сè повеќе се продлабочува. Па оттаму, често се говори за делби на големи и мали, на моќни и инфериорни, со еден збор делби на сите нивоа.*

*Современото општество и општествената стварност одбележани со процесот на глобализација и неговите влијанија сè уште не успеаја да се справат со прашањето на сиромаштијата, невработеноста, а со тоа и на социјалното исклучување на дел од населението. Процесот на глобализација нуди мноштво од можности кои воглавно се привилегии кои се користат пред сè од припадниците на богатиот како и средниот општествен слој. Поголемиот дел од придобивките од процесот на глобализација не се достапни на припадниците на нискиот општествен слој. Глобализацијата како процес до моментов не успеа да пронајде решение на повеќе значајни сегменти од општественото живеење, а во тој контекст и на планот наподобрување на социоекономската состојба на најзагрозените општествени групи, односно припадниците на нискиот општествен слој. Процесот на глобализација преку своето делување дополнително ги афирмираше вредностите на потрошувачката култура и нејзината пожелност*

*како составен дел од современиот начин на живеење. Истиот дополнително ги маргинализира и социјално го исклучи сиромашното население кое не е во можност да го постигне пожелниот начин на живот и евентуално нивно интегрирање како на локален така и на глобален план имајќи го предвид „тајниот лавиринт“ во кој се наоѓа сиромашниот слој предодреден за континуиран безизлез. Во оваа смисла се поставува прашањето дали сиромаштијата би можеле да ја сведеме или спoредиме со „хронична болест“.*

**Клучни зборови:** глобализација, општество, животен стандард, сиромаштија.

## Вовед

Процесот на глобализација во сите сегменти на општественото живеење доведе до лесно видливи промени. Ако се запрашаме која е новината што ни ја носи современото општество, веднаш може да се повикаме дека од сите претходни се разликува,не само по брзината на комуникација и преносот на информации, туку и по брзината на технолошкиот развој, иновациите и мрежното поврзување. Но покрај сите погодности што ги носи глобализацијата, останува отворено прашањето, што воедно е и вистински предизвик на научната јавност, да трага по одговорот зошто и покрај сè, драматично се зголемува јазот меѓу богатите и сиромашните не само на локален, туку и на глобален план. Прашање кое е предизвик, ако се има предвид дека современото општество и во втората деценија од 21. век се соочува со појавата на сиромаштија, глад, невработеност и супстандардни услови, кои воопшто не се за занемарување. Токму затоа општествените науки ја имаат „привилегијата“ да трагаат по одговорите за кои, всушност, и постојат, односно да ја заштитат единката и заедницата како целина, од себе самите, односно од човекот. Поделбата на богати и сиромашни се провлекува низ сите општествени уредувања, а присутна е и денес, но клучната разлика лежи во вистината дека таа е сè поголема, имајќи ја предвид бројката на сиромашни, која е сè поголема, и помалиот број на екстремно

богати на кои реално можат да позавидат и националните економии на земји од Третиот свет. Така се доведуваме во една реална состојба која ја дава вистинаската слика на глобализацијата,односно едни се наоѓаат на центарот во „глобалното село“ додека другите на самата периферија, видно маргинализирани. Па оттаму, не е случајно што токму во економско развиените земји се лоцирани компаниите, институциите, политичките и невладините организации, кои се, всушност, „локомотивата“, која го креира и раздвижува економското и политичкото живеење, носејќи го истото до најоддалечените точки во светот преку лепезата на процеси сублимирани во глобализацијата.

Либерализацијата во економијата создава поле на натпревар, конкурентност, менаџирање со ресурсите, проценка на квалитетот и континуирана трка со новото, па оттаму едноставен е заклучокот дека овој отворен пазар и не е така идеален ако се има предвид дека моќта на повеќето национални економии се далеку зад онаа ракатка на најбогати и среднобогати економски сили. Економската глобализација е во функција на оние, што знаат и умеат, но и на истите тие кои располагаат со иновациите и технологијата. Тука е лоциран и одговорот за континуираниот јаз помеѓу богатите и сиромашните.

Човекот, заедницата или нацијата не може да се огради или да се скрие во „стаклено ѕвоно“, од она што е добро смислено, па во тој контекст и од моќта што ја има глобализацијата во сите општествени сфери, но затоа може да го прифати она што е корисно за себе и заедницата. Токму затоа научната јавност често покрај глобализацијата, во позитивна конотација ги користи и термините локализација и глокализација.

Но состојбите се менуваат, она што беше препознатливо за Третиот свет како и за одреден број на постсоцијалистички земји, денес е случај и за региони и градови во економски развиениот свет. Имено, сиромаштијата не е болест, но истата не знае за граници и лесно е пренослива. Со своите пипала досегнува до индивидуата или

групата, доколку истата не претставува активна алка од производтсвеното живеење.

Дека социјалната политика и социологијата ја има главната улога при решавањето на ова суштинско прашање го гледам во следново. Секако дека се битни бројките што ни ги даваат Светската банка, национално-статистичките заводи и слично, но тоа се само бројки. И најмалиот процент говори за нешто, но не кажува сè. Имено, како таа единка го минува денот, како ги решава проблемите со вода и домување, проблемот со вработување, а да не говориме за социјалната исклученост, и неможноста за креативно интегрирање во националните средини. Појавата на сиромаштија со себе носи низа несакани „болести“, често зголемен криминал, асоцијално однесување, семејно насилство и слично, кои претставуваат темна дамка за секое општество кое се смета за демократско. Интересен е податокот за моќта на глобализацијата. Сите достигнувања што „љубоморно се криеле“ за време на студената војна од поблиските и подалечните идеолошки противници во поглед на индустријата, технологијата, науката, одејќи до трговската соработка, за краток период стануваат достапни за секој кој ја има моќта и способноста да продаде, купи, инвестира или задолжи. Токму крајот на студената војна е вистинскиот момент за навлегување на глобалните процеси на добар дел од светот. Дотогаш, економската соработка била на пониско ниво имајќи ја предвид крајната поларизација, по што истата станува очигледна, особено по демократизацијата во постсоцијалистичките земји. Разбирливо е дека неолибералната идеологија, економијата и слободниот пазар се вистинската покренувачка сила на глобализацијата. Истите доведоа до менување на улогата што ја имаа националните економии во претходните системи, при што приоритетот се става на меѓународна трговска соработка, за која цел се извршени значајни функционални реформи.Овој битен момент ја креира новата слика на идниот развој како на политички така и на економски план, период кој Фукујама го доживува како крај на историјата, имајќи предвид дека тоа што во тој миг се случувало е токму тој краен момент, а либералните доктрини се она вистинското со кое завршува целиот човеков

развој,поагајќи од тоа дека „обединетоста“ реално не би можела да доведе до поделби и конфликти.

„Секако дека посебен проблем е расчекорот помеѓу глобалната побарувачка и глобалната понуда. Во светот во кој постои мноштво од незадоволени потреби светскиот производствен капацитет е недоволно искористен. Покрај непосредниот проблем невработеноста која ширум светот поради рецесијата достигнала 240 милиони, милијарда луѓе не се доволно образовани да го искористат својот потенцијал во целост (Stiglic, 2013, 223).“ Дополнителен проблем за невработеноста се периодите на светски економски кризи, кога светот разбирливо се соочува со масовни отпуштања од работа, а од кои особено се засегнати бројчано големите земји,како на пример, Кина која за кризата од 2009 година отпуштила околу 10 милиони вработени, а за половината од нив постоела реална опасност да се соочат со сиромаштија.

Пазарната економија, доведува до момент на напуштање на децениските пристап на, т.н. држава на благосостојба, која квалитетно се грижи за своите граѓани, својствена за добар дел на западноевропските земји. Но истата видно се изменува пред сѐ предизвикана од лепезата од приватизирани јавни институции. Но дали напливот на глобалните процеси не е, всушност, опасност од еден нов вид на колонизација на 21. век, доколку на истото се приклучи опасноста од губењето на националните идентитети и јазици особено на помалите заедници. Но, кога сѐ би се поставило на вагата на вистината, може да прифатиме опстојување на еден факт во контекст на слободното движење на капиталот, кој ја претставува не само иницијалната каписла за побрзиот економски раст, туку ја отвора и можноста за крајна функционалност при што може да се истакне колективното, но пред сѐ индивидуалното опстојување. Во оваа смисла често не само што се говори, туку и научно се истражуваат антиглобалистичките движења, кои иако го носат тоа име во суштина не се против глобализацијата. Поточно во себе ја поседуваат моќта визионерски да го почувствуваат вистинското време за иницирање на проблеми кои се од суштинско и глобално значење, а од кое зависи понекогаш иднината на човекот.

Либералната економска политика постојано ги истакнува позитивностите на единствениот глобален пазар, и овозможувањето на учество на сите национални економии на истиот, што би овозможило побрз економски раст и на сиромашните, но само под услов доколку пријдат кон неминовна модернизација што би значело и заживување на стопанството и економијата. Не би било далеку од вистина дека едно вакво несоодветно поставување особено на тези од економската проблематика би можело да предизвикаат низа нејаснотии и заблуди, имајќи ја, пред сè, предвид традиционално-функционалната поврзаност и испреплетеност. Па ако се има предвид наведеното, реална е тезата дека економската глобализација доведува до намалување на глобалната сиромаштија, но суштината е, да се дојде до оптималното решение, гледано во базичната, односно елементарна подносливост.Факт е дека слободната конкуренција на пазарот доведува не само до пораст на невработеноста, влошување на работните услови туку и до намалување на социјалните права и намалување на приходите во државната благајна, што се осликува и со полошо задоволување на потребите на граѓаните со јавните добра, како што посочуваат и М. Ханс Петер и Х. Шуман.

Во добар дел од национални држави се доаѓа до ситуација на намалување на социјални стандарди. Секако дека еден од основните улоги на глобализацијата е намалување на глобалната нееднаквост и сиромаштијата, но ако се имаат притоа податоците до кои се доаѓа речиси во секое истражување, се наведува сосема спротивното. Во оваа смисла технологијата и глобалниот развој како да си поигрува со изнесените статистички податоци сврзани со соодносот на богати и сиромашни кој драстично се зголемува од 3:1 во триесеттите години на дваесеттиот век до 727:1 во деведесеттите години од минатиот век. Овој податок се однесува и за ракатка најбогати во светот, чие богатство е поголемо од бруто националниот производ на десетици најсиромашни земји во светот. Континуираното зголемување на јазот помеѓу богатите и сиромашни земји,често доведува до размислата, на глобализацијата теоретски да се гледа како на утопија, а во пракса како на политички проект на глобалниот капитализам, на слободен пазар, со крајна цел економска и политичка

доминација на најбогатите држави пред сè на САД, во која се лоцирани и седиштата на најмоќните МНК. Можеби во функција на потврдување на едно вакво становиште би било соодветно и искажувањето на F. W. Engdahl во својата книга „Век на војни“, каде што во интересите на моќните компании, истиот ги наоѓа виновниците и околностите кои доведуваат до светската војна. Во оваа смисла се доаѓа до заклучокот дека цели индустрии и креирање на геополитики се под „диригентската палка“ токму на силните финансиски центри и моќни компании.

Кога ја спомнувам улогата што МНК ја имаат во глобални рамки, пред сè мислам на нивното влијание при решавање на битни проблеми, сврзани со креирање на одредени политики што би ги споредил со игра на шах. Имено, гледајќи само на профитот, своето менаџирање го спроведуваат како на шаховско поле, при што со „скок на коњот“ вршат дислоцирање на свои погони онаму каде што истите им се најдоходовни. Добар дел на компаниски брендови како што се Нестле, Генерал Моторс, Мерцедес, Шел и други, отвораат свои погони во Мексико, Кина, Индија, Албанија, Чешка. А токму тоа и го бара економската либерализација, слободно шетање на капитал, од кое само работниците и локалните заедници ги трпат последиците. Најпластичен пример за она што значат производните зони најдобро го презентира Naomi Klein во книгата „Nologo“во која ваквиот начин на производство го нарекува глобализациска епидемија. Така компаниите повеќе не го продаваат својот производ туку името, марката, логото, типот, а заштедата се остварува со отпуштање на работници во татковината, истите оние кои зад себе оставаат повеќедецениско работење.

## Меѓународните организации и социјалната исклученост

Улогата на меѓународните организации е особено значајна имајќи предвид дека во свои раце ја држат „диригентската палка“, при креирањето и пласирањето на општествените претстави за начинот и перспективите на економскиот раст, виден низ призмата на

една либерална доктрина. Истите непосредно влијаат на темпото и динамиката на општествените процеси. Проблемите на сиромаштија и социјана исклученост претставуваат сериозно прашање, со кое се соочува и живее дел од светската популација, па оттаму се говори за глобален проблем. Како и за секое друго сериозно прашање, меѓународните институции, во рамки на својот домен изработуваат стратегии со кои се намалува сиромаштијата и социјалната исклученост на населението, односно нивно вклучување во социјалното живеење.

„Светската банка вели дека бројот на луѓе кои живеат со помалу од еден долар на ден во текот на изминативе две децении опаднал на 1.1 милијарда, но дека бројот на оние кои живеат со два долари пораснал од 1 милијарда на 1.6., значи, дека оние кои живеат во базично сиромаштво, всушност, пораснал (Sol, 2011,68)".

Карактеристично е што при сфаќањето и објаснувањето на наведениве проблеми честопати се има двојност кон пристапот, така што се говори за доминантен или традиционален пристап кој дава предност на развојното знаење, како и критички алтернативен пристап кој вклучува, други маргинализирани разбирања на развојните предизвици и процеси. Во оваа смисла интерес заслужува инсистирањето од меѓународните финансиски институции за брза либерализација, особено на земјите од Третиот свет, и постсоцијалистичките земји кои во деведесеттите години од минатиот век минуваа низ транзициониот процес. Но уште поголемо внимание се посветува на „леснотијата" со која лидерите ги отворија своите порти за светскиот пазар, без претходно соодветно да бидат подготвени, особено во поглед на процесот на приватизација, често окарактеризиран како сомнителен, а пропратен во многу земји и со „стегање на ременот". Во оваа смисла може да се каже дека познатиот Вашингтонски консензус применуван во некои земји од Латинска Америка и Азија, не даде соодветни резултати во транзиционите земји, поради кои, дел од нив се откажале од услугите на ММФ, применувајќи свои национални стратегии. Имено, ако тргнеме од претпоставка дека големите фирми во ликот на

мултинационалните компании често гаснат добар дел од средните, а да не говориме за малите национални компании, јасно е дека отвореноста на пазарот доведува до низа социоекономски феномени препознатливи во зголемената невработеност, осиромашување на населението, како и социјална исклученост и сегрегираност.

„Во дебатите за економската политика сѐ до неодамна, главните пристапи на ММФ,традиционално беа насочени кон инфлацијата, а не кон дневниците, невработеноста или сиромаштвото. Ваквиот пристап се сведувал на фактот дека проблемот со сиромаштвото е во надлежност на Светската банка, додека во негова надлежност е светската економска стабилност.

„Насоченоста на инфлацијата и игнорирање на вработеноста доведоа до привиден резултат: поголема невработеност, поголема сиромаштија. Добра вест е дека ММФ, барем службено, намалувањето на сиромаштијата сега го направи за сопствен приоритет (Stiglitz, 2009, 36)".

Притоа, Штиглиц посочува податок дека 80% од сиромашното население во светот живее во земјите во развој, население препознатливо по ниските дневници, голема невработеност и слаботo ниво на образование кое значително ги намалува можностите за креативен и успешен економски раст. Меѓународните економски организации за лајтмотив при креирањето на агендите на своите програми, го земаат и проблемот на сиромаштија. Во овој контекст политичките организации како ОН, ЕУ, и економските од рангот на ММФ, СБ, СТО и Организацијата за економска соработка и економски развој, активно се вклучуваат во борбата против сиромаштијата како и во активностите сврзани со социјалното вклучување, во кој контекст досега имаат донесено повеќе декларации. Со ова се потенцира не само нивната посветеност кон глобалната правда туку и заложбата дека се против нееднаквоста детектирана низ призма на сиромаштијата.

„Во тој контекст, важно е да се забележи дека политиките на штедливост на ММФ и Светската банка од осмудесеттите доведоа до

тоа ранливте групи да ја изгубат и малата социјална заштита која ја уживаа и претходно; оттука тие политики непосредно придонесоа за повисок ризик од глад во Третиот свет (Томас во Бејлис, 2009, 485)".

Терминот „ општествена исклученост", за првпат е употребен во Франција, во седумдесеттите години на минатиот век, а со цел отсликување на положбата на поединецот кој „се изгубил/исчезнал" низ мрежата на социјална заштита, па оттаму со неа и не е опфатен. Под оваа категорија опфатени се повеќе групи како што се: лица со инвалидитет, лица без социјално осигурување, невработени и лица изолирани од општеството. Европската унија која подоцна го прифаќа терминот на социјална исклученост, со него ја означува широката лепеза на сиромаштијата, а исклученоста ја става во врска со ракатка од фактори на ризик предизвикани од невработеноста.

Кога се говори за дефиницијата, социјалната исклученост се дефинира како: „ниско образовно достигнување, како последица на нееднаква социјализација во семејството и како недостаток на образовниот систем да се прилагоди на пазарот на трудот, односно недостатокот на вештини кои се неопходни на современиот пазар на работна сила..., (Silver 2003 во Kolin 2008,201)".

Различниот начин и можности за живот во зависност од демографските карактеристики доведуваат до објективниот заклучокот дека не постои општа и универзална дефиниција за сиромаштво. Но треба да напомнеме дека на Самитот посветен за социјалниот развој во Копенхаген во 1995 година се говори за апсолутно или екстремно сиромаштво дефинирано како „состојба која се карактеризира со сериозна депривација и неможност на задоволување на базичните човекови потреби. Во Заедничкиот извештај на Европската комисија за социјалната вклученост од 2004 година, сиромаштвото се одредува како ,,недостаток на адекватен доход и ресурси кои обезбедуваат животен стандард прифатлив во општеството во кое населението живее. Состојбата на невработеност доведува до положба на невработеност, низок приход, лоши станбени услови, неадекватна здравствена заштита и пречка за перманентно образование. Ваквото население често е маргинализирано и

исклучено од економските, социјалните и културни активности, вообичаени за останатите луѓе.

Треба да напомнеме дека по собирот во Европа од 2000 во Лисабон, за ЕУ социјалната политика станува еднакво важна како економската, финансиската и монетарната. Ваквата посветеност дава поттик за понатамошната борба против социјалната исклученост и нејзино намалување, така што основно е изнаоѓање на механизмот за реинтеграција на социјално исклучените на сите возрасти, активност што би придонела и за стекнување на одреден социјален капитал. ЕУ се грижи за општествените и демократски права на своите граѓани, односно граѓаните на земјите членки, од самите нејзини почетоци. Станува збор за нивната социоекономска состојба, за прашања сврзани со вработувањето, работните услови, образованието, социјалното осигурување и слично. Во таа смисла со повелбата на фундаменталните социјални права ЕУ ни го презентира односот кон своите граѓани.

„Фундаменталните права декларирани со повелбата се следниве: слободно движење; вработување и плата; унапредување на животните и работните услови; социјална заштита; слобода во здружувањето и колективното преговарање, вокациски тренинг, еднаков третман и плаќање на мажите и жените и исклучување на секаков облик на дискриминација...(Карталов, 2005,221)“.

Кога се говори за сиромаштијата најчесто под истата подразбираме категорија на лица кои живеат во апсолутна и релативна сиромаштија, но често предмет на интерес е и појавата на култура на сиромаштија.

Во оваа смисла интересно е мислењето на Светска банка околу самото ниво на сиромаштија каде што истакнува дека: „Голем дел од вниманието се насочени кон проценките на Светската банка за бројот на луѓето низ планетата кои живеат со помалку од еквивалентата на 1$ дневно. Неолибералистите тргнуваат од анализата дека и покрај големиот пораст на светската популација, оваа процентна бројка од

1.4 милијарди лица во 1980 г. на 1.2 милијарди во 2001 г. е сè уште голема (Шолте, 2008, 350)“.

Во овој контекст на глобално ниво се преземаат повеќе мерки како што се програмата за развој на ОН,  иницијативата за високозадолжените сиромашни земји, програма на Светската банка и ММФ,  но опстојува впечатокот дека темпото и нивото на активности се недоволни, особено за најзагрозените подрачја кои повеќедецениски се соочуваат со овој феномен.

„Навистина ’бришењето‘ на сиромаштијата во периодот на последната деценија стана главна ударна тема во глобалната политика. Во 1999 г., BrettonWoods  институциите го поставија, ’намалувањето на сиромаштијата...‘ (Шолте,2008,353)“.

Постојат размислувања дека за правилно функционирање на глобалните процеси неопходно е постоење на „светска влада“, која би можела да координира и раководи со предизвиците кои ги носат глобалните процеси. Ако се има предвид дека тоа е неможно, барем во блиска иднина, реално е опстојувањето и функционирањето на глобалните меѓународни институции кои би работеле на планот на одржување на економски, политички и безбедносен баланс. Последниве децении со проблемот на сиромаштија и невработеност се соочува и населението од високоразвиените економски општества, предизвикано пред сè од почестата дислокација на МНК вон нивните национални седишта и лоцирање во земји погодни за лесно зголемување на капиталот, резултат на евтината работна сила, ресурсите, малите даноци и привилегиите што им ги даваат доминантните земји. Со наведените мерки дел од населението се соочува барем времено со невработеност, додека еден друг дел на некоја друга точка од „глобалното село“ е среќно поради решавањето на проблемот со сиромаштијата и  долготрајната невработеност. Слоевата припадност ги отсликува можностите на поединецот како и „дофатноста“ до образование, вработување и општествен статус. Појава која е значително поприсутна во услови на глобалното опстојување.

## Невработеност, сиромаштија, социјална исклученост

Современото општество креира сопствени барања поврзани токму со клучните прашања во контекст на глобалниот начин на живеење. Но елементарната база за нормалното функционирање на креативната и работноспособна индивидуа низ историјата останува иста, а тоа е работниот ангажман и вработувањето, преку кое индивидуата се самоисполнува, гради кариера, и обезбедува егзистенцијален стандард со кој се оддалечува од „канџите“ на сиромаштијата. Но реалноста е сосема поинаква, особено во земјите од Третиот свет, како и во земјите на постсоцијалистичките општества. Во овие средини дел од работноспособната популација се соочува со невработеноста, што воедно значи оневозможување на остварување на одредени Уставно загарантирани права. Кај дел од научната јавност сè уште постои двојба кога е во прашање позитивниот или негативниот став кон глобализацијата. Во овој момент би се задржал на „темната страна“, при што би навел лепеза од проблеми со кои секојдневно се соочува современото општество, при што доминантно е прашањето на социјалната нееднаквост, невработеноста,социјалната исклученост, сиромаштијата, глобалното затоплување, озонските дупки, но и организираниот криминал и меѓународниот тероризам.

Разбирлива е врската глобализација-сиромаштија. Таа е повеќе од комплексна, а тесно е поврзана со енормно брзото зголемување на постоечките разлики помеѓу општествените слоеви, брзата еволуција на технологијата, која сама по себе значително ја намали потребата од оптимален број на вработени во сите сфери, но предизвика промени и на образовните профили кои се бараат на пазарот на трудот. Ова се базичните причини кои на примарен или секундарен начин доведуваат до зголемувањето на разликите помеѓу општествените слоеви во современото општество. Ако говориме пак за загарантираните човекови права, кои таксативно се наброени во секој демократски Устав, сам по себе се наметнува приоритетот кој лежи во изнаоѓањето на решение кое би помогнало на оваа категорија на лица, која во светски рамки не е за занемарување. Поради тешката економска положба во која се западнати истите

често се доведуваат во состојба на социјална исклученост. Во овој контекст би се повикал на Кастелс кој социјалната исклученост ја дефинира како „процес со кој на одредени поединци или групи, системски им е оневозможен пристапот до положби кои би им овозможиле автономен живот во рамки на општествените стандарди на институциите и вредностите во дадениот контекст (Castells, 2003, 79)“.

Сиромаштијата е тешка за дефинирање, доколку при мерењето не се располага со унифицирани мерки. Разликуваме, економска сиромаштија, сиромашен начин на живот, категорија на сиромашно население кое не е во можност да си ги обезбеди базичните потреби. Анализирајќи ја појавата на сиромаштија во актуелниов момент, забележуваме дека глобализацијата ги зголемува постоечките разлики помеѓу општествените слоеви, но никако не смееме ниту пак можеме, за зголемувањето на истата единствено да ја обвинуваме глобализацијата.

Во последниве неколку децении видно напреднаа придобивките од мрежното поврзување. Сведоци сме на функционирање на мрежното општество, ставајќи го централното место на информатичката технологија. Тука би се запрашале зошто говориме за информатичко општество, мрежно поврзување и слично? Токму затоа што овој сиромашен слој буквално целосно е исклучен од можноста на користење на наведените услуги. А причините за тоа се најразлични, од немање на финансиски услови, до немање на стручно познавање и можност за едукација за нивно користење.

Влијанието на процесот на глобализација, врз појавата на сиромаштијата во светот е двострано, од една страна ги зголемува разликите помеѓу општествените слоеви, а од друга со мерките и проектите кои ги спроведуваат меѓународните политички и финансиски институции се обидуваат да ја намалат сиромаштијата и гладта, токму на најзагрозените лица коишто живеат со помалку од 1 долар дневно.

| Регион | 1981 | 1984 | 1987 | 1990 | 1993 | 1996 | 1999 | 2002 | 2005 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Источна Азија и Пацификот** | 56.50 | 52.93 | 47.81 | 48.16 | 47.09 | 37.53 | 37.44 | 31.61 | 22.97 |
| **Источна Европа и Централна Азија** | 0.37 | 0.32 | 0.28 | 0.50 | 1.12 | 1.32 | 1.43 | 1.35 | 1.26 |
| **Латинска Америка и Карибите** | 2.21 | 2.89 | 3.04 | 2.37 | 2.33 | 3.15 | 3.23 | 3.64 | 3.55 |
| **Блискиот Исток и Северна Африка** | 0.72 | 0.64 | 0.69 | 0.53 | 0.55 | 0.64 | 0.68 | 0.64 | 0.80 |
| **Јужна Азија** | 28.91 | 30.28 | 33.0 9 | 31.94 | 31.17 | 35.89 | 34.72 | 38.42 | 43.26 |
| **Суб Сахарска Африка** | 11.27 | 13.48 | 15.0 9 | 16.49 | 17.74 | 21.43 | 22.50 | 24.33 | 28.37 |
| **Вкупен процент** | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 |
| **Вкупен број на сиромашни изразени во милиони** | 1896. 2 | 1808. 2 | 1720 | 1813. 4 | 1794. 9 | 1656. 2 | 1696. 2 | 1603. 1 | 1376. 7 |

Табела 1. Број на луѓе во светот кои живеат со помалку од 1.25 долари дневно според региони

Извор: Светска банка

Анализата на појавата на сиромаштија на глобално ниво ќе ја продолжиме преку податоците од Светската банка за најсиромашното население по региони, коешто живее со помалку од 1.25$ дневно.

Податоците кои се вклучени во анализата го опфаќаат периодот од 1981 до 2005 година. Истите говорат дека во првата година од анализата регионот на Источна Азија и Пацифик бележи највисок процент на население коешто живее со помалку од од 1.25$

дневно, но во наредниот период присутна е тенденција на континуирано опаѓање на процентот на население што живее со помалку од 1.25$ дневно. Имено, сиромаштијата е намалена за 33.53 %.

Податоците за Источна Европа и Централна Азија говорат дека населението кое живее во овие региони битно не се соочува со проблемот на апсолутно сиромаштво, но постои тенденција на благ пораст, односно од 0.37% во 1981 до 1.26% во 2005 година што е пораст од 0.89% во однос на првата година.

И од анализата на податоците за Латинска Америка и Карибите се бележи благ пораст на населението коешто живее со помалку од 1.25$ дневно. Податоците за Блискиот Исток и Северна Африка говорат за постоење на приближни проценти за секоја година од анализата, при што разликите се минорни. Од податоците за Јужна Азија се забележува тенденција на пораст на население коешто живее со помалку од 1.25$ дневно.

Така, за првата година во анализата бележиме 28.91%, а за поседната 2005 година истиот изнесува 43.26%, што претставува пораст на сиромашни од 14.35%. Од податоците за Субсахарска Африка, се гледа видлива тенденција на пораст на сиромашното население, од 11.27% во 1981 година, на 28.37% за последната 2005 година, што говори за пораст од 17.1%.

Вршејќи компарација по региони бележиме дека во 1981 година највисок процент на сиромашно население се бележи во регионот на Источна Азија и Пацификот; а по неа следуваат Јужна Азија, Суб -сахарска Африка и останатите региони опфатени во табелата. Од податоците за 1984 година повторно највисока стапка на сиромашни се бележи во регионот на Источна Азија и Пацифик, Јужна Азија и Субсахарска Африка, а најмал процент во регионот на Источна Европа и Централна Азија. Во 1987 година се задржува истиот тренд на најсиромашно насление по региони. Од податоците за 1990, 1993, 1996 и 1999 година се бележи дека најсиромашното население во најголем процент живее во регионот на Источна Азија,

Пацификот и Субсахарска Африка, а по нив следат Латинска Америка, Карибите, Блискиот Исток и останатите региони опфатени во табелата. Слични податоци во анализата се однесуваат и за 2002 и 2005 година.

| | **Пропорција на население кое живее со помалку 1.25 $** | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Земја** | 1981 | 1990 | 2005 | Цел за 2015 |
| **Узбекистан** | 0.0 | 4.9 | 38.8 | 2.5 |
| **Киргистан** | 0.0 | 4.8 | 21.8 | 2.4 |
| **Такистан** | 1.4 | 1.5 | 21.5 | 0.8 |
| **Грузија** | 2.5 | 2.9 | 13.4 | 1.5 |
| **Туркменистан** | 21.9 | 34.2 | 11.7 | 17.1 |
| **Република Молдавија** | 20.2 | 15.2 | 8.1 | 7.6 |
| **Ерменија** | 0.9 | 6.3 | 4.7 | 3.2 |
| **Турција** | 4.5 | 1.5 | 2.7 | 0.8 |
| **Казакстан** | 0.0 | 0.5 | 1.2 | 0.3 |
| **Албанија** | 0.2 | 0.9 | 0.9 | 0.5 |
| **Романија** | 0.0 | 0.0 | 0.8 | 0.0 |
| **Литванија** | 0.0 | 0.0 | 0.4 | 0.0 |
| **Република Македонија** | 0.0 | 0.0 | 0.3 | 0.0 |
| **Босна и Херцеговина** | 0.0 | 0.0 | 0.2 | 0.0 |
| **Руската Федерација** | 0.7 | 1.4 | 0.2 | 0.7 |
| **Република Полска** | 0.0 | 1.3 | 0.1 | 0.7 |
| **Украина** | 3.0 | 1.2 | 0.1 | 0.6 |
| **Република Азербејџан** | 13.4 | 16.1 | 0.0 | 8.1 |
| **Република Белорусија** | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| **Република Бугарија** | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| **Република Хрватска** | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| **Република Чешка** | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| **Естонија** | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| **Република Унгарија** | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| **Латвија** | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| **Република Словачка** | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| **Република Словенија** | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно** | 1.7 | 2.0 | 3.7 | 1.0 |

Табела 2. Број на луѓе во светот кои живеат со помалку од 1.25 долари дневно според земји, Извор: Светска банка

Во Табелата 2 презентирани се податоци за пропорцијата на население коешто живее со помалку од 1.25$ дневно. При тоа обработени се податоци од три години, поточно 1981,1990 и 2005 година како и предвидувањата, односно целите за 2015 година. Од табелата видно е дека во 1981 година највисок процент на население коешто живее со помалку од 1.25$ дневно се бележи кај дел од поранешните Советски републики како Туркменистан, Молдавија, Азербејџан и Грузија, но и Албанија. Висок процент на сиромашно население кое живее со помалку од 1.25$дневно се бележи во Туркменистан 21.9%, Молдавија 20.2% и Азербејџан 13.4%. Во другите земји вклучени во анализата, не е забележан процент на население кое според своите приходи припаѓа на најсиромашната група на население, додека од податоците за1990 година присуство на апсолутно сиромашно население се бележи во Узбекистан, Киргистан и Полска, а тенденција на порсат се бележи во Такистан, Грузија, Република Молдавија, Ерменија, Албанија, Руска Федерација и Азербејџан. Голем е процентот на население коешто живее со помалку од 1.25$ дневно во Туркменистан 34.2%, Азербејџан 16.1% и Република Молдавија 15.2%. Во однос на претходната година во анализата бележиме дека тенденција на пораст на населението коешто живее со помалку од 1.25$ дневно има во Туркменистан, Узбекистан, Ерменија, Казакстан, Албанија, Руска Федерација, Полска и други. Од друга страна пак, тенденција на опаѓање се бележи во: Република Молдавија, Турција и Украина. Во 1990 година не е забележано население коешто живее со помалку од 1.25$ дневно во: постсоцијалистичките земји како во: Романија, Литванија, Република Македонија, Босна и Херцеговина, Белорусија, Бугарија, Република Хрватска, Република Чешка, Естонија, Унгарија итн. Но во 2005 година се бележи пораст на оваа категорија, особено во Узбекистан, Киргистан, Такистан, Грузија, Турција, Романија, Литванија, Република Македонија и Босна и Херцеговина. Особено висок е процентот на население кое живее со помалку од 1.25$ дневно во Узбекистан 38.8%, Киргистан 21.8%, Такистан 21.5%, но не се за занемарување ни податоците кои се однесуваат за Грузија 13.4%, Туркменистан 11.7%, Република Молдавија 8.1% и Ерменија 4.7%. Последниот дел од анализата се однесува на целите и

предвидувањата за состојбата со население коешто живее со помалку од 1.25$ дневно за 2015 година. Според дадените податоци видно е дека секоја земја во рамки на своите можности се залага за решавање на овој глобален проблем, односно намалување на апсолутната сиромаштија во едни разумни рамки, односно преземање на дополнителен ангажман, кој би придонел за подигање на животниот стандард на оваа категорија на луѓе. Реално е да се очекува дека и во 2015 година, население кое е апсолутно сиромашно ќе има во Узбекистан, Киргистан, Такистан, Грузија, Ерменија, Турција, Албанија, Руска Федерација, додека сите постсоцијалистички држави на европска територија не би се соочиле со овој проблем.

Од достапните податоци сѐ уште се забележува високо ниво на апсолутно сиромашно население коешто живее со помалку од 1.25 долари дневно. Ова само уште еднаш докажува дека глобализацијата може да има позитивни резултати само доколу се работи на прифаќање на технолошките потенцијали, градењето на инфраструктура како и привлекување на странски директни инвестиции.

Во истиов контекст, ако го анализираме современиот пазар на труд, бележиме дека од него особено по навлегувањето на глобалните процеси, најмногу „страдаат" неквалификуваните и недоволно квалификуваните кадри, а во најдобра положба се наоѓаат високообразованите кадри, особено оние кои можат да одговорат на современото мрежно општество.Во исто време неопходно е да се прави дистинкција помеѓу земјите во развој и развиените земји, а некои од детектираните разлики се и вистинскиот показател за сиромаштијата, особено во земјите во развој. Во таа смисла карактеристично за градовите е малиот број на слободни работни места, како и континуираното внатрешно мигрирање на население од руралните кон урбаните средини што доведува не само до зголемена невработеност, туку и до пораст на сиромаштијата во периферните делови.

На социјалната исклученост свое внимание посветува речиси секоја сериозна влада и секоја национална држава. Во овој контекст

Владата на Велика Британија од периодот на Тони Блер (Tony Blair) под „социјалната исклученост подразбира поим кој означува што може да се случи кога поединци или цели подрачја патат од спектар на поврзани проблеми како што се невработеноста, нееднаквата оспособеност, ниските приходи, лошите станбени услови, околината со висока стапка на криминалитет, лошото здравје и распадот на семејството(http://www. socialexclusion.gov.uk)“.

Но во денешни услови со ваквиот напреден развој на технологија и производство на храна, не би требало да се сомневаме дека сиромаштијата може да се намали и истата да опстојува во разумни рамки. Истата се намалува доколку решението се гледа во програми во кои лајтмотивот лежи во социјалното вклучување на оваа категорија лица, со што самите би се вклучиле во правец на подобрување на својата општествена положба. Ако на социјалната исклученост гледаме од едно мултидимензионално стојалиште, тогаш лесно ќе го согледаме многукратното осиромашување на населението предизвикано од долготрајната невработеност, губењето на социјалните врски и сегрегирањето на ваквото население.

На социјалната исклученост мора максимално сериозно да ѝ се пристапува, бидејќи истата доведува до „малигни последици“. Таа носи пред сѐ социјална изолација, невработеност,низок степен на образование, самоизолирање и неможност на водење на пожелниот начин на живеење.

Треба да се има предвид дека најголемиот број на демократски влади и меѓународни организации имаат еден унифициран став кон самото разбирање на сиромаштијата. Во таа смисла Томас вели: „Тоа е ситуација во која луѓето немаат доволно пари да купат соодветна храна или да ги задоволат другите основни потреби и најчесто се класификувани како невработени или со ниско ниво на вработеност. Ова доминатно разбирање на сиромаштијата засновано врз парите, всушност, е резултат на глобализацијата на западната култура и на пазарната економија која оди со неа (Томас во Бејлис, 2009, 471)“.

Оттука произлегува дека сиромашното население буквално севкупниот свој скромен потенцијал го насочува кон елементарното задоволување на своите базични потреби. Припадниците на нискиот општествен слој најчесто се невработени, но проблем претставува сѐ поголемиот број на бездомни лица, како и лица кои се оддаваат на питачење, лесно склони лица на криминално и асоцијално однесување, што секако дека претставува товар на општеството. Самиот факт на недостиг на финансиски средства отвора лепеза од последици кои се рефлектираат на оваа категорија на лица, особено на планот на нормалното функционирање, што подразбира неможност на остварување на вообичаено пожелните потрошувачки и културно потребни активности, што едноставно значат базична индивидуална исполнетост.Со нискиот степен на образование се доведуваат во неконкурентска положба на пазарот на трудот, па затоа базично се ориентирани кон најслабо платените работни места. Сиромашното население се наоѓа во своевидна изолација, или поточно самоизолација од останатите припадници во општеството. Истото е заробеник на состојбата во која се наоѓа, а воедно поседува и отпор кон новото, кон промените. Составен дел на сиромаштијата е и болеста, на која најчесто не се обрнува внимание, но и немањето на финансии за нејзино благовремено детектирање. Кога на еден простор се концентрираат поголем број на луѓе кои припаѓаат на нискиот општествен слој говориме за културата на бедата,а терминот прв го употребил Оскар Лујис. Така тој посочува дека сиромашното население често е погодено и со пропратни појави пред сѐ сврзани со асоцијално, девијантно и криминогено однесување.

„Сиромаштијата е состојба во која недостигаат ресурси, обично материјални, но некогаш и културни. Вообичаено се прави разлика меѓу апсолутни и релативни димензии на сиромаштвото. Дефинирана со апсолутни термини, сиромаштијата значи состојба на која на индивидуата ѝ недостигаат нужните ресурси за опстанок. Релативните дефиниции, најмногу почитувани од социолозите (особено при проучувањето на сиромаштијата во развиените индустриски општества) упатуваат на индивидуален или групен кусок на ресурси во споредба со другите членови на општеството, со

други зборови, нивниот релативен животен стандард (Маршал,2004,473)“.

Во современото сиромаштво, карактеристично е што сè помалку сиромашното население се инволвира со останатите општествени групи. Воедно поединецот на моменти сиромаштијата ја доживува како срам, а во други ситуации како казна. На моменти знаат да бидат депривирани или лишени од добра или услови кои се и носечки причинители или фактори сврзани за влијанието за самите образовни достигнувања. Во ситуација кога индивидуите и нивните семејства не можат да го обезбедат квантумот на средства што е вообичаено потребен за задоволување на потребите во општеството во кое живеат, припаѓаат на групата на сиромашно население, а висината на средствата се одредуваат според просечните претставници во општеството.

„Бројот на оние, кои покрај тоа што имаат работа, живеат во сиромаштво, односно заработуваат помалку од 1$ дневно драстично порасна така што вкупниот број невработени, делумно вработени и оние кои покрај тоа што имаат работа, живеат во сиромаштија ја достигна цифрата од 730 милиони луѓе во светот, што суди за ниското ниво на животен стандард и квалитет на живот на населението во светот (Милановић-Голубовић,2008,183)“.

Проблемот со невработеното население е еден од базичните проблеми со кои се соочува секое општество. Долготрајната невработеност во крајна инстанца доведува не само до сиромаштија туку и социјална исклученост. Од една социолошка перспектива секако дека е од значење како светската сиромаштија е доживувана, гледана низ призма на политиката и политичките системи. Прашањето на невработеноста е сериозно прашање, исто како и на сиромаштијата и социјалната исклученост, прашање кое претставува сериозен општествен проблем.

**Градот и сиромаштијата**

Сосема нормално е човекот како поединец, но и во која било форма на здружување, својата амбиција да ја насочи кон создавање на подобри услови за живот, заземање на подобра општествена положба и создавање на подобра животна средина, што воедно би значело и делување на планот на развој, примарен за секое општество. А подобро место за презентирање на својата индивитуална креативност нема од урбаниот простор, просторот на градот. Но токму таа креативност поради низа ендогени и егзогени фактори не може да се изрази од секоја индивидуа, па оттаму и често се говори за граѓани од центарот и граѓани од периферијата, зад кои се појавуваат и маргинализираните лица резултат на нивната сиромаштија и социјалната исклученост. Одговорот на предизвикот на „отворениот град" секогаш остава простор за дообјаснување. Глобалните процеси кој со голем интензитет навлегоа во урбаниот простор означија и зголемена динамика настаната пред сé од функционални потреби кои се во корелација со новокреираните барања на работноспособното и младо население. За ваква една цел потребно е владеење на актуелната општествена структура.

Во овој контекст интересно е размислувањето на Пушиќ кој под општествената структура во урбаниот контекст подразбира ракатка од структурални процеси, имено:општествената сегрегација, општествената моќ и просторната диференцијација. При тоа вели:„ отсекогаш општествената структура на градот ја обележувале две особини:сложена поделба на работата и хиерархиска структура на власт...нивните манифестации биле посложени благодарејќи на фактот дека се работи за густо населени средини (Pušić,1997,284)".

Процесот на глобализација доведе до очекувани промени, особено во постсоцијалистичките градови, кои недвојбено ги прифатиле предизвиците и барањата за отвореност на сегментите што значат пазар, економијата и културата, при што особено внимание се остава на можностите за користење на слободното време, овозможувајќи им пристап на сите граѓани според своите можности и афинитети. Сѐ поголемото осиромашување на населението во

постсоцијалистичките градови разбирливо доведува до дополнително раслојување, односно до своевидна просторна концентрација на населението според слоевата припадност, правејќи на тој начин дистинкција помеѓу високиот и нискиот општествен слој. Воедно припадниците на високиот општествен слој „креираат“ резиденционални области, за разлика од нискиот кој најчесто се концентрира во неатрактивни зони, оставен на маргините на урбаното градско живеење. Резиденцијалната сегрегација препознатлива е низ самата склоност на луѓето да се групираат врз економско образовната и културна припадност и формирањето на своевиден екстра квалитет на населен простор. Глобалните процеси наметнуваат барања значително поинакви од доскорешните, па својот зародиш го доживуваат низ промените и преструктуирањето на урбаниот простор. Економската различност, односно создавањето на видлив јаз меѓу богатото и сиромашно население доведува до спонтано филтрирање на населението врз слоева припадност. Кога ова го говориме треба да се истакне дека една од формите на општествена нееднаквост претставува нееднаквоста во домувањето. Трансформацијата на пазарот на работа знае посредно да доведе до структурирање на урбаниот простор виден низ призмата на промени во социопросторната локација на населението, чие поместување се доведува со хетерогената структура на современите општества.

Урбаното сиромаштво, особено во транзициониот и постранзиционен период е пред сѐ резултат на прифаќањето на современите глобални тенденции, што во прв момент како „ домино ефект“ се одрази на драстичен пад на БДП, што од друга страна значеше зголемена невработеност, сиромаштија, неконкурентен кадар, и низок социјален капитал, особено кај крајно сиромашното население, и домување во непрестижните делови од градот, а не ретко и живеење во сламови и гето, препознатливи за сиромашната популација во целиот свет.Од друга страна, константната миграција на населението логично дополнително наметнуваат проблеми сврзани со зголемената стапка на невработеност, пад на животниот стандард пропратен со појава на сиромаштија, како и лепеза на асоцијални и криминогени активности, кои се незаобиколен дел во

крајно сиромашните средини. Отвореноста на пазарот придонесе во градовите сѐ почесто да се бара квалификуван и образован кадар. Во овој контекст според Сасен реструктурирањето доведува и до социјална сегрегација во урбаниот простор, па оттаму социјалната поларизација ја поврзува со соодносот на професии-приходи кои се остваруваат од истите. А кога се говори за локација на која првпат е детектирана социјалната поларизација разбирливо е глобалниот град. Во градот сѐ повеќе видлива е појавата на континуирано „топење“ на средниот слој, од кој најголемиот дел минува во сиромашниот, како и создавање на особено богат слој, слика што е идентична речиси за сите постсоцијалистички општества. Вака осиромашеното население самото создава услови за понатамошна стигматизација, а просторот во кој живеат го исцртува мозаикот на урбаното сиромаштво.

Ако сакаме подобро да објасниме каква е поставеноста на еден град кој се отворил кон процесите на глобализација, вистинскиот одговор го наоѓаме кај Пушиќ во кој контекст вели:

„Целосното разбирање на општествената слоевитост на структурата на животот во градот може да се сведе на неколку основни идеи.Првата дека градовите од секогаш биле носители на најрепрзентативните облици на општествените поделби. Втората дека социјалниот простор на градот е најдобар толкувач на општествените поделби. Третата дека просторната структура и просторните односи се најјасен одраз на општествените поделби (Puśić, 1997, 290)“.

Глобалните процеси, во современиот град доведуваат до видоизменување, особено на централното градско подрачје, што во моментов е препознатливо по создавањето, односно изградбата на деловен простор и отворање на брендирани центри, наспроти рушењето на старите маала и дислокација, односно иселување на, условно кажано, транзиционо осиромашеното население. Состојбата на сиромаштија и социјалната исклученост предизвикуваат длабоки последици кон населението кое директно е засегнато од новонастанатата појава. Социоекономската положба на едно семејство во голема мерка го одредува животниот пат на неговите

членови. Во овој контекст местото во кое се домува, односно локацијата во која е сместен животниот простор директно е поврзана со економската положба. Разбирливо е што сиромашното население најчесто живее во населени места кои се карактеризираат со супстандардни услови за домување, во услови на сиромаштија, опкружени најчесто со социјално рамни на себе, и видливо дезорганизирани и незаинтересирани за сè околу себе.

Во таа смисла урбаната социологија кога ја истражува општествената нееднаквост често приоѓа на феноменот социјална сегрегација, сакајќи да ја долови постоечката нееднаквост, независно од нејзиното национално, економско или етничкото потекло. Веќе споменавме дека урбаната сиромаштија е препознатлива пред по супстандардните услови, кои сами по себе придонесуваат за креирање на чувство на беда како и социјална исклученост. А кога говориме за живот во гетото, неговите зачетоци се стотици години наназад, и истото се третира како сериозен проблем за секое општество кое се соочува со овој проблем. Имено живеењето во гето доведува до отсуство на сигурноста не само за она што се поседува, туку и за сопствениот живот. Напишаните права за заштита на човекот се далеку од „видното поле“ на оваа социјална категорија. Нивната култура на живеење води кон дополнително изолирање и социјална исклученост. Искуството покажува дека патот до излез од живеењето во супстандардни услови, а уште повеќе во сламови и гетоа е многу тежок, односно претставува „слепа улица“, па оттаму потребен е огромен ангажман не само на државниот апарат, социјалните работници и невладини организации дел од својата програмска агенда да ја посветат токму на овој сегмент.

Но без оглед на економскиот развој на градот, тој имал, има и ќе има делови од својот простор предодредени за сиромашните слоеви, но цел е на пошироката јавност да изнајде начини за обезбедување на минималните услови за живот. За да објасниме зошто е тоа важно за секое општество би го цитирал Фридрих кој вели: „Сиромашните делови од градот го потикнуваат сиромаштвото на локалното население (Fridrih во Vujović, 2005 ,270)“.

**Заклучок**

Ерата на глобализацијата доведе до појава на зголемена нееднаквост помеѓу различните општества,нееднаквост на светскиот пазар, на глобално ниво,нееднаквост помеѓу општествените слоеви и помеѓу индивидуите. Современата општествена стварност ни ја нуди перцепцијата на општествените односи и на активностите на меѓународните организации како на политичките и на економските организации за намалување на сиромашното население во светотот, како и за подобрување на животниот стандард помеѓу населението во светот.

Процесот на глобализација го поттикнува понатамошното раслојување на општествените групи, зголемувајќи ја диспропорцијата помеѓу општествените слојеви. Промената на урбаниот начин на живеење веќе ги зголеми постоечките разлики, доведувајќи до дополнителна социјална изолираност, особено на претставнците на нискиот општествен слој.Социјалната исклученост и сиромаштијата останаа секојдневие за добар дел од светското население, и покрај лепезата од мерки кои се преземаат од страна на меѓународните политички и финансиски институции кои не успеаја во целост или значително да придонесат за подобар животен стандардр на најсиромашното население во светот.

Проблемот со сиромаштијата кој се забележува во целокупната еволуција на човековите општества, еволуира низ различните периоди на глобалните општества, но разликите помеѓу слоевите, се сè поизразени, резултат на современите форми и глобални влијанија, забележливи во поединечните општества. Разликите помеѓу општествените слоеви се со поизразена диспропорција и истите се поевидентни токму поради поголемите можности кои ни ги нудат глобалните процеси, кои разбирливо се недостапни за припадниците на сиромашниот општествен слој.

## Литература


Бејлис, Џ и др., (2009), *Глобализација на светската политика-Вовед во меѓународните односи.* Скопје: Табернакул.

Бек, У., (2003), *Што е глобализација?.Скопје:* Тера Магика.

Карталов, Х., (2005), *Европската интеграција низ економската перспектива.* Скопје: Филозофски факултет.

Кастелс, М., (2005), *Подемот на мрежното општество. Ера на информации.* Скопје: Алеф.

Колодко, Г.,(2004), *Глобализацијата и перспективите за развој на постсоцијалистичките земји.* Скопје: Магор.

Маршал, Г., (2004), *Оксфордски социолошки речник по социологија.* Скопје: Книгоиздателство МИ-АН.

Милановић-Голубовић, В., (2008). *Негативне друштвени ефекти глобализација пословање,Социолошки преглед бр.2* vol. XLII, стр 171-191.

Фукојама, Ф., (1994), *Крајот на историјата и последниот човек.* Скопје: Култура.

Шолте, Ј. А., (2008), *Глобализација,* Скопје: Академски печат.

Castells, M., (2002), *Moć* identiteta. Zagreb: Golden marketing.

Castells, M., (2003), *Kraj Tisućljeća*. Zagreb: Golden marketing.

Corina, G. A. & Court, J., (2001) Inequality, Growth and Poverty in the era of liberalization and globalization. Helsinki: UNU World Institute for Development Economics Research.

Delić, Z., (2012), *Globalization and Responsibility.* Rijeka: In Tech.

Kacowicz, A., (2005), *Globalization and poverty: Possible Links, Difrent Explanations in journal of international affaires.* New York: Columbia University, Box 4.

Kolin, M., (2008*), Obrasci źvota u siromaštvu I nove paradigm evropske unije*, SOCIOLOGIJA, Vol. L, N° 2.

Princová, K., (2010) “Globalisation, vulnerability, poverty and human limits.” In Beyond Globalisation: Exploring the Limits of Globalisation in the Regional Context. Ostrava: University of Ostrava Czech Republic.

Pušić, Lj., (1997), *Grad društvo proctor.* Beograd: Zavod za udźbenike I nastavna sredstva.

Sansen. S., (2001), *The global city New York, London, Tokyo.* New Jersey: Princenton University Press.

Sansen. S., (2007), *Sociology of globalization. New Yorke: Columbia Universety.*

Sol. Dž., (2011), *Propast globalizma i preoblikovanje sveta.* Beograd: Arhipelag.

Stiglic, D., (2002), *Protivrečnosti globalizacije:* Beograd:SBM-x.

Stiglic, D., (2013), *Sloboden pad.* Novi Sad.Akademska knjiga –Novi Sad.

Stiglitz,J.,(2009),Uspjeh globalizacije.Zagreb:Algoritam.

Vujović, S i Petrović, M., (2005), *Urbana Sociologija*. Beograd: Zavod za udźbenike I nastavna sredstva.

Vuletić, V., (2003), *Globalizacija mit ili stvarnost.* Beograd: Zavod za udźbenike I nastavna sredstva.

Walby, S. (2009), *Globalization & Inequalities*. Los Angeles: SAGE.

(2009), *Rething Poverty Report on the World Social Situation 2010*.NY,UN

Линкови: www.worldbank.com. www.socialexclusion.gov.uk